**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
бр.30-3743/ 6
01 септември 2012 година
С к о п ј е

# И З В Е Ш Т А Ј

## од Јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за полиција

Националниот совет за евроинтеграции на 12 септември 2012 година организираше јавна расправа по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за полиција. Овој закон е еден од десетте закони од Анексот 2 кој е составен дел на Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2012 година, што Националниот совет за евроинтеграции со консензус го усвои на седницата одржана на 8 февруари годинава.

На јавната расправа беа поканети потпретседателите на Собранието на Република Македонија, координаторите на пратеничките групи во Собранието на Република Македонија, членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за одбрана и безбедност, претставници од Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, претставници на државни и приватни универзитети во Република Македонија како и голем број на граѓански организации и експерти од Република Македонија.

На јавната расправа учествуваа претставници на Министерството за внатрешни работи, членови на Комисијата за европски прашања, Комисијата за одбрана и безбедност како матично работно тело во Собранието на Република Македонија, претставници на државни и приватни универзитети и претставници на граѓански организации од областа на човековите слободи и права.

Со свои дискусии, предлози, забелешки и коментари во расправата учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Советот, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г. Оливер Спасовски пратеник и член на Комисијата за одбрана и безбедност, г-ѓа Маргарита Цаца-Николовска претставник од Институтот за човекови права, проф. д-р Гордан Калајџиев од Правниот факултет-Скопје и претставник на Хелсиншкиот комитет за заштита на човековите права на Република Македонија, проф. Миодраг Лабовиќ од Факултетот за безбедност-Скопје, г-ѓа Аница Томшиќ-Стојковска од Канцеларијата на Народниот правобранител на Република Македонија и г-ѓа Нада Наумовска претставник од Фондација отворено општество Македонија.

Во образложението на Предлог-законот, г. **Џељаљ Бајрами** заменик министер за внатрешни работи истакна дека со Законот за полиција нормативно-правно се уредуваат полициските работи, организацијата на полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот

однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи, што не се уредени со Законот за внатрешни работи. Поаѓајќи од принципот на конзистетност на правниот систем, кој претпоставува меѓусебна усогласеност на позитивните правни прописи, се наметнува потребата од изменување и дополнување на Законот за полиција, во насока на допрецизирање на постојните и пропишување на нови одредби, заради негово усогласување со Законот за кривичната постапка. Дел од одредбите на ЗКП влегуваат во сила од декември 2013 година. Во насока на усогласување со ЗКП, г. Бајрами како позначајни ги издвои одредбите од Предлог-законот што се однесуваат на уредувањето, разработката на институтот криминалистичко истражување, одредбите со кои се пропишуваат полициските овластувања како: лишување од слобода, прикриено полициско дејствување, влегување во туѓ дом и други затворени простории, препознавање, полиграфско тестирање. Со одредбите на Предлог-законот за прв пат се уредува кога и на кој начин полицијата врши криминалистичко истражување. Решенијата кои ги содржи Предлог-законот се значајни за ефикасно функционирање на полицијата во борбата против криминалот. При подготвувањето на Предлог-законот користено е компаративното искуство на хрватската полиција, направени се компаративни истражувања на легислативата на одредени земји-членки на ЕУ. Заменик-министерот за внатрешни работи, г. Бајрами, потенцираше дека понудените решенија во Предлог-законот се конструктивни и се базираат на успешната соработка која Министерството за внатрешни работи ја остварува со Јавното обвинителство, Дирекцијата за заштита на личните податоци, професори и експерти од соодветната област.

Потпретседателот на Националниот совет за евроинтеграции, **г-ѓа Силвана Бонева** се согласи дека законите што се доставуваат до Националниот совет за евроинетеграции од страна на Владата на Република Македонија треба да бидат во работна верзија, меѓутоа оцени дека не е доцна да се направат измени во Предлог-законот, бидејќи е во Собраниска процедура во прво читање. Пратениците на јавната расправа секогаш имаат можност да ги слушнат забелешките и сугестиите од експертската јавност, кои ќе помогнат законот да се подобри во следната фаза на второ читање. Госпоѓа Бонева нагласи дека во најголем дел предлог-законот значи усогласување со одредбите од ЗКП. Како позитивен чекор г-ѓа Бонева го оцени тоа што Дирекцијата за заштита на лични податоци има доставено забелешки до МВР, поради утврдени недостатоци во делот на водењето на евиденциите во полицијата, а со цел да се заштити поединецот од незаконска обработка на личните податоци. Забелешките на Дирекцијата се земени предвид при изработката на Предлог-законот. При подготовката на законот земено е предвид компаративното искуство од Република Словенија. Госпоѓа Бонева оцени дека новото структуирано водење на евиденциите ќе овозможи заштита на личните податоци на граѓаните, кое е во духот на европските стандарди и нормативи.

**Господинот Миодраг Лабовиќ** професор на Факултетот за безбедност - Скопје, во дискусијата истакна дека одредбите од Законот за полиција ги засегнуваат основните човекови права и слободи, и истите треба да бидат

усогласени со меѓунардоните конвенции, декларации, одлуки како и со системските закони. Според Лабовиќ во овој закон треба да се стави акцент на поголема заштита на основните човекови права и слободи.

За членот 8 со кој се изменува членот 18 од основниот закон беше даден предлог терминот "сериозен криминал" да се замени со терминот "тежок криминал" или "потежок криминал", затоа што во стручната литература се користат термините "потежок криминал" или "потешки кривични дела". Исто така во членот 8, во алинеите 3 и 4 каде се наброени кривичните дела, покрај потешките кривични дела, според г. Лабовиќ предвидени се и определени кривични дела кои според оваа дефиниција не претставуваат "потежок" криминал, односно "сериозен" криминал. Треба да се додаде кривичното дело од членот 359-а од ЗКП коешто е посредно кривично дело за прикривање на потекло на несразмерен имот, затоа што претставува тешко кривично дело, односно сериозен криминал.

Господин Лабовиќ изнесе мислење дека не е потребно да се оптеретува текстот на одредбата во членот 8 став 2, од причина што речиси сите кривични дела од областа на организираниот криминал имаат карактеристика на транснационалност.

Членот 26 од Предлог-законот со кој се предвидува додавање на нов член 50-а, треба да се преиспита. Имено, според овој член полицискиот службеник може да задржи лице лишено од слобода кое е под дејство на алкохол или други психотропни супстанци, под услови утврдени со посебен закон, при што задржувањето може да трае најмногу осум часа. Предложеното решение треба да се преиспита дали времетраењето на задржувањето од осум часа е најадекватен период и дали доколку времето на задржување е помало не би можело ефикасно да се вршат полициските овластувања. Овој предлог е со цел да не се доведе во прашање загрозувањето на основните човекови права и слободи.

Во однос на членот 28 со кој се додава нов член 51-а во Законот, беше даден предлог за бришење на ставот 3 кој гласи: "Мерките од ставот 2 на овој член се преземаат по наредба на директорот на Бирото или од него овластен работник", од причина што претставува експлицитно кршење на основните човекови права и слободи.

Пратеникот и член на Комисијата за одбрана и безбедност **г.Оливер Спасовски** се заблагодари за организирањето на јавната расправа и можноста да се изнесат забелешки на предлог-законот. Според Спасовски, за значајни закони меѓу кои се и измените на Законот за полиција треба да се организираат јавни расправи, да се слушне мислењето на стручната и научна јавност во Република Македонија, со цел донесување на законски решенија кое ќе обезбедат заштита на човековите слободи и права.

Според г. Спасовски, членот 26 од Предлог-законот со кој се воведува нов член 50-а, а се однесува на задржувањето на лице под дејство на алкохол и психотропни супстанции во периодот од 8 часа, во овој момент може да претставува одредба од која може да произлезе злоупотреба во одредени сегменти од страна на припадниците на МВР.

Беше изнесено мислење дека новиот член 51-а (член 28 од Предлог-законот) е проблематичен бидејќи се дава дискреционо право на директорот на Бирото за јавна безбедност или на од него овластен работник од него во однос на преземање на мерките на прикриено полициско дејствување. Според г.Спасовски овој член може да се злоупотреби за други цели.

Во дискусијата беше даде предлог да се изврши подобро дефинирање на решението во однос на влегувањето во туѓ дом или други затворени простории, едно од гарантираните уставни начела за заштита на домот.

Во однос на зачувувањето на евиденцијата од страна на МВР, г. Спасовски истакна дека треба да се воспостави систем кој ќе гарантира заштита на човековите права и слободи, како и заштита на личните податоци. Дел од овластувања кои треба да ги има органот кој ја води истрагата остануваат и во делот на полицијата, при што не нуди доволна гаранција за целосна заштита на човековите слободи и права.

Господинот **Гордан Калајџиев**, професор на Правниот факултет-Скопје и претставник на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, на почетокот од дискусијата ја истакна важноста за одржување на транспарентни и подолги јавни расправи за законите кои претставуваат имплементација на уставните слободи и права, во кои ќе се вклучат сите општествени чинители.

Во однос на предложените одредби за изменување и дополнување на Законот за полиција, постои дилема зошто дел од одредбите на законот ќе се имплементираат по неговото донесување, а дел од одредбите ќе имаат одложена примена.

Според проф.Калајџиев не е логично Предлог-законот да не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот од причина што со законот јасно се утврдуваат трошоци за бранител, трошоци за лекарска помош, изградба на посебни простории за советување со бранител што е во согласност со новиот ЗКП. Иако главна причина за донесување на Предлог-законот е усогласувањето со ЗКП, проф.Калајџиев смета дека оваа цел е само делумно остварена и отвара повеќе проблеми отколку што ќе решава. Притоа се чини дека Министерството за внатрешни работи ги презема и доразвива решенијата на ЗКП кои и се допаѓаат и со кои полицијата добива овластувања, а ги избегнува и маргинализира одредбите кои значат гаранции за граѓаните, надворешна контрола врз полицијата или некаков трошок за неа. Во Предлог-законот се маргинализираат суштински концепти од новиот ЗКП, кои се клучни за реформата, правосудната полиција не е спомната, се игнорира раководната улога на јавното обвинителство за претходната постапка.

Клучен и најпроблематичен е поимот "полициски работи", кој во Законот се споменува многу често. Беше изнесена забелешка за дефинирањето на терминот "полициски работи" во членот 2 од Законот, со предлог јасно да се наведе кои се функциите на полицијата, задачите, овластувањата, процедурите и правата според модерниот пристап за полициски овластувања.

Во Законот за полиција треба да се применат европските стандарди и добрите практики. Во дискусијата беше изнесено дека Република Македонија

главно се потпира на законите од Република Хрватска. Во Законот за полиција како и ЗКП мора да се внесат стандардите за правата на осомничените во полициска постапка кои во последните години интензивно се развиваат во ЕУ. Во времето кога се подготвувал новиот ЗКП овие стандарди сеуште не биле донесени, но според проф. Калајџиев измените на Законот за полиција се прилика Република Македонија да ги усвои модерните европски текови од оваа област, како и да се изврши ревидирање на ЗКП. Имено, ЕУ донесени се две директиви, односно Директивата 2010/64/ЕУ за правото на преведувач и толкувач во кривичната постапка и Директивата 2012/13/ЕУ за правото на информирање во кривичната постапка. Исто така во јуни 2011 година објавен е и предлогот на нова Директива за правото на бранител во кривичната постапка и правото на комуникација по лишување од слобода. Ова е важно од аспект на интензивниот развој во јуреспруденцијата на Судот за човекови права, особено за предмети кои се однесуваат на полициските работи, па оттука се наметнува потребата за повнимателно уредување на оваа законска материја. За нас се особено важни и препораките од Комитетот за превенција од тортура во однос на полициските прописи, од кои дел сеуште не се имплементирани.

Според проф. Калајџиев имплементацијата на измените и дополнувањата на Законот за полиција, во делот на полициските овластувања ќе биде проблематична и од аспект на Уставот на Република Македонија.

Прашањето за т.н. "информативен разговор" е сложено, имено новиот ЗКП го напушти присилното доведување во полициска станица заради информативни разговори, а Законот за полиција ја задржува оваа можност. Исто така во Законот за полиција не се споменува правото осомничениот или другите лица со бранителот да се советуваат насамо, на што се инсистира со новиот ЗКП.

На крајот од дискусијата проф. Калајџиев се осврна на искуството од Велика Британија и на извештајот од Народниот правобранител во однос на користењето на правото на бранител во полиција.

Претставникот од Институтот за човекови права **г-ѓа Маргарита Цаца Николовска** ја поздрави јавната расправа по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, закон кој е значаен од аспект на реализација на човековите права, интервенција во човековите права и оценка на интервенцијата и зошто истата била направена. Законот бара многу потемелна дискусија и расправа, посуштинска анализа на член по член.

Според г-ѓа Николовска во законот постои недоволната јасност на одредени термини и отсуствува објаснување на нивното значење, што понатаму може да доведе до состојба на давање можност на арбитрарно користење или имплементирање на овој закон vis-à-vis човековите права. Во терминологија што се употребува во Законот, јасноста и предвидливоста не е присутна.

Во членот 14-а кој се однесува на воспоставување на зајакната оперативна контрола на лица и објекти заради превентивно дејствување и спречување на казниви дела, недостасува објаснување што значи терминот "зајакната контрола". Беше дадена сугестија да се формира една група која ќе го третира ова и слични прашања и ќе подготви забелешки за секој член од Законот.

Во однос на новиот член 7-а според кој трошоците за извршената асистенција паѓаат на товар на барателот на асистенцијата, беше изнесена забелешка во која функција полицијата врши свои задачи и овластувања и која е таа помош што граѓанинот може да ја бара од полицијата за потоа да изврши наплата. Таквиот вид на трошоци треба да ги има во предвид државата, а не да паѓаат на товар на барателот на асистенција.

Во членот 14 се споменува активност кога полицискиот службеник по службена должност или по наредба превзема мерки и применува одредени дејствија, меѓудругото и криминалистичко истражување. Со оглед дека криминалистичкото истражување е поврзано со криминалистичкото вештачење се доведеува во прашање принципот на еднаквост на странките во постапката и побара објаснување што ќе се случи доколку вештачењето што го врши полицијата, освен за своите потреби истото се употреби понатаму во постапката од страна на обвинителството и судот, додека на спротивната странка не и се дава можност да направи друго вештачење. Во Судот за човекови права постои предмет во кој е разработено ова прашање и дека изготвувачот на законот требало да го има овој случај во предвид и да даде поголеми појаснувања што значи и како криминалистичкото вештачење може понатаму да делува во операционализирање на човековите права.

Госпоѓата Николовска укажа дека треба да се прави разлика помеѓу лишување од слобода, повикување, приведување и задржување. Сите овие сегменти и активности интервенираат во прашањата на слобода на движење. Беше укажано на потребата да се направи компаративен пристап со Уставот и со законите, да се види што Уставот дозволува како лишување од слобода и што претставува она што се проширува со предлог-законот. Лице кое е засегнато мора да знае кои се последиците од ваквите законски решенија како би можело во соодветна прилика да реагира. Влегувањето во туѓ дом и затворени простории, исто така е проблематично од аспект на човековите права. Постои неусогласенот кога полицијата тоа го прави по службена должност, по налог на судија, а кога по налог на обвинител. Сите овие елементи се апсолутно важни за да се оцени законитоста на интервенирањето во човековите права. Особено е важно и треба да се води грижа дека интервенирањето може да биде во согласност со националниот закон, а не во согласност со другите меѓународни инструменти. Во такој случај се добива критика за квалитетот на законодавството.

Беше даден предлог доколку постои можност да се ревидира предлог-законот, да се земат во предвид сите пропратни закони како и други поврзани акти како правилници и формулари.

Претставникот на Националниот превентивен механизам - Канцеларија на Народниот правобранител г-ѓа **Анкица Томшиќ Стојковска** информираше дека во изминатата година биле посетени 26 полициски станици при што било воочено дека полициските службеници имаат проблем во дефинирањето на одделни термини од Законот за полиција. Нејасна дефинираност и конфузност има и во новиот ЗКП со кој се усогласува и Законот за полиција.

Во оснос на употребата на терминологијата, Уставот на Република Македонија предвидува три термини: повикување, приведување или лишување од

слобода. Новиот ЗКП тргнува од истите термини, членот 69 од ЗКП ги утврдува правата на лице кое е повикано, приведено или лишено од слобода. Понатаму, во ЗКП при дефинирањето, се предвидуват дополнителни термини, односно приведување, лишување од слобода и задржување. Приведувањето се дефинира како состојба кога постои судска наредба односно кога лицето се приведува по наредба на суд. Лишувањето од слобода е случај кога нема судска наредба во случаи кога лицето е затечено во извршување на кривично дело кое се гони по службена должност. Задржување е случај кога лицето е лишено од слобода, но има потреба да се задржи во полициска станица заради дополнителни превземени дејствија како што е утврдување на алиби или утврдување на идентитет.

Новиот ЗКП, доколку се сака да се усогласи со измените и дополнувањата на Законот за полиција, треба јасно и дополнително да се доуреди, бидејќи се отвора прашањето дали со издвојување на приведувањето, лишувањето и задржување, се смета дека приведувањето не претставува лишување од слобода. Беше укажано дека се отвора дискусија и во однос на англиската терминологија која ја користат меѓународните стандарди каде што и приведувањето влегува како состојба на лишување од состојба но се разграничува и дефинира во зависност од степенот, времето и начинот на кој се превзема полициското овластување.

Институцијата Народен правобранител е на став дека постојат недоречености во ЗКП дека е потребно да се формира работна група од експерти, теоретичари и практичари, кои прецизно ќе дефинираат што се влегува во доменот на лишување од слобода т.е. ограничување на слободата на движење.

Во дискусијата беше укажано дека во Министерството за правда се подготвува нов Предлог-закон за правда на децата, каде терминологијата "малолетни лица" се заменува со терминологијата "деца", а законот се усогласува со Конвенцијата за правата на децата. Бидејќи во членот 15 од Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, се користи терминологијата "малолетно лице", упатува на постоење на одредена некоординираност меѓу министерствата при приготвување на предлог законите.

Новиот член 46-б од Предлог-законот е спорен, бидејќи приведувањето без наредба на суд во случај на сторено кривично дело и во случај на сторување на прекршок, треба да биде во доменот на лишување од слобода за да постои усогласување со новата терминологија предвидена со ЗКП. Во Законот да биде дефинирано дека задржувањето не смее да изнесува повеќе од 24 часа од моментот на лишување од слобода.

Во ЗКП се предвидува да се донесе решение за задржување од лицето за прифат, сменоводител на полициска станица. Ова е особено важно бидејки со самото решение се остава простор за правна поука. И другите европски земји го имаат регулирано ова прашање на ист начин, така што доколку е потребно задржување тоа не се евидентира единствено во записникот туку и во решението. Иако ова е регулирано во ЗКП, ваквата поставеност добро е да биде вградена и во Предлог-законот за измени и дополнувања на Законот за полиција, да биде нагласена потребата од постоење на решение за задржување.

Во членот 57, точка 3 став 1 се спомнува терминологија на лица на кои им е ограничена слободата на движење, каде повторно терминолошки се навлегува во

дискусија што претставува ограничувањето на слободата на движење. Во ЗКП веќе има утврдено други термини и оваа проблематика треба да биде разгледана во однос на Предлог-законот за измени дополнувања на Законот за полиција.

Членот 161 од ЗКП, предвидува дека лицата се задржуваат во посебно уредени полициски станици, кои се определуваат со акт на МВР. Во моментот постои Правилник за стандарди што треба да бидат исполнети во местата на задржување кои постојат во полициските станици. Во однос на Правилникот, од страна на Народниот правобранител поднесено е мислење какви стандарди треба да бидат исполнети, во однос на местата на задржување. Дополнително е оценето дека посебен акт треба да биде дефиниран и во однос на Предлог-законот за измени дополнувања на Законот за полиција. Потребна е поголема дебата за времето на задржување на лица во алкохолизирана состојба и за нивните права. Националниот превентивен механизам има испратено мислење до МВР, дека во случај на задржување на алкохолизирано лице или лице кое е под психотропни супстанци за него задолжитено треба да се повика лекар кој ќе потврди дека лицето може да биде задржано во полициска станица и дека нема ризик за неговото здравје ризик или ризик по безбедноста на полициските службеници.

Спорни се членовите од 57 до 61 каде се споменува терминот "полициска палка". Предлагачот на законот треба прецизно да го дефинира овој термин за да избегне можна злоупотреба. Од посетите на полициските станици констатирано е дека потребни се јасно дефинирани одредби во Законот, за да не дојде до можни ризици во иднина.

Комитетот за превенција од тортура, како приоритетно прашање го поставува правото на оброк, храна и вода. Ова прашање е регулирано само во интерен документ, а не со закон или подзаконски акти. Имајќи ги предвид искуствата од терен, се укажува дека овие суштински права на лицата лишени од слобода мора да бидат регулирани барем со подзаконски акт.

Претставникот од Фондацијата Институт отворено општество Македонија **г-ѓа Нада Наумовска** искажа задоволство за можноста да се дискутира по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за полиција. Предлог-законот има одредени недоследности кои претходно беа споменати во дискусиите, како во областа на личните податоци и евиденцијата и како и во поглед на одредбите за лишување од слобода на лица кои сториле прекршок.

Во главата IV-Полициски овластувања, во точката 16 од Законот за полиција, каде се регулира постапувањето на полицијата со личните податоци, се предвидуваат целите за каква намена ќе се собираат личните податоци. И покрај законското определување дека личните податоци се обработуваат заради спречување и откривање на кривични дела и прекршоци, како и пронаоѓање и фаќање на нивните сторители, Предлог-законот содржи решенија кои ги надминуваат целите зошто податоците се собираат. Евиденцијата е опфатена во 25 точки, но проблематична е обемноста и должината на траење заради што се предвидува собирањето на лични податоци. Со Предлог-законот се определува трајно чување на податоците за сторителите на кривични дела и прекршоци, општа азбучна евиденција како и предмет досиеја за лица. Со трајното чување на

податоците се врши нарушување на можноста за рехабилитација на сторителите на кривични дела и не се почитува Препораката 87 од Советот на министри при Советот на Европа, што се однесува на користењето на личните податоци. Кривичниот законик е дециден во поглед на рехабилитација на осудените лица и нивното бришење од евиденција, и прави разлика во должината на казната и во видот на казната која се предвидува. Со Препораката 87 од Советот на министри, се препорачува дека бришењето на личните податоци мора да се врши согласно на тоа дали постои потреба од чување на истите, поврзано за целта за кој истите биле собрани. Предлог-законот не остава простор за проценка, бидејќи дури во 6 од дадените 25 категории во Законот, се предвидува трајно чување на податоци, вклучително и фотографии на лица.

Од страна на Фондацијата Институт отворено општество Македонија, била извршена анализа на Законот за полиција на Република Словенија, од причина што таму Агенцијата за заштита на лични податоци е водечка во Европа од аспект на усогласување со директивите и препораката на Советот на Европа. Според словенечкиот Закон за полиција, во поглед на евиденцијата за сторени кривични дела, досиеја за прикриена истрага, оперативни податоци, досиеја за спроведена ДНК анализа, е определено дека податоците ќе бидат чувани до затворањето на полициската истрага или активностите за заштита. Ова подразбира дека не се определени строги законски рокови за секоја евиденција или досие, туку се прави проценка на потребата и оправданоста за чување на податоците што е во согласност со Препораката на Советот на Европа. Во словенечкиот закон категоријата трајно чување на евиденција не постои како опција, постојат 20 категории на евиденција од кои само за 10 категории е пропишано фиксно време за чување на податоците, а роковите се движат од 2 и 3 години.

Дополнително загрижува тоа што Препораката 87, упатува дека државите членки на Советот на Европа треба да избегнуваат личните податоци со кои располага полицијата да се однесуваат на административни работи. Беше укажано дека не е доволно да се именуваат само видовите на евиденција туку да се утврди што ќе содржат евиденциите.

Предлог-законот предвидува дека ќе се донесат подзаконски акти, но не и дека ќе се објават во Службен весник. Подзаконски акти се донесуваат заради технички и оперативни мерки кога станува збор за лични податоци, а не за суштинските норми.

Со предложеното решение во членот 69 од Предлог-законот се преви дерогација на постојните системи за водење на евиденцијата на одлуките за прекршок регулирана со Законот за прекршоци, водењето на евиденциите на осудени лица кои ги водат судовите во согласност со Кривичниот законик и со судскиот деловник, евиденциите на Државниот завод за статистика и евиденциите кои би требало да се водат согласно законот за национална криминалистичко-разузнавачка база на податоци.

Во врска со одредбите од Предлог-законот кои се однесуваат на лишување од слобода на лицата беше дадена препорака да се превземат одредбите од ЗКП, каде што се даваат процесни гаранции за лицата лишени од слобода.

Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции **г-ѓа Радмила Шекеринска** укажа дека претставува проблем тоа што голем дел од законите кои се поврзани еден со друг се носат во период од 12 месеци и се разгледуваат во различни Собраниски работни тела. Госпоѓа Шекеринска констатира дека јавната расправа покажа дека е потребно да се доработи Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, особено ако главната цел на неговото донесување било усогласување со ЗКП. Беше дадена сугестија, особено и до членовите на Собраниската Комисија за одбрана и безбедност, дека итно треба да се формира група составена од претставници од различни политички партии во Собранието, дел од експертите и претставници од МВР, која ќе разговара за можноста да се подготват амандмани на текстот на Предлог-законот, со цел да се разчистат сите отворени прашања и дилеми.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ,**

**Радмила Шекеринска**